Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ..... 42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ..... 49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ..... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК - ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ ФОРМИ СО АНАЛИЗА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип донесе Одлука број 1902-146/7 од 20.12.2011 година, со која за членови на Рецензентска комисија ги избра лицата во состав:
– доц. м-р Гоце Гавриловски, доцент од наставно-научната и уметничка област композиција, за претседател;
– проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор од наставно-научната и уметничка област теорија на музиката и музичка педагогија, за член и
– доц. м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент од наставно- научната уметничка област композиција и теорија на музиката, за член.

На Конкурсот објавен во дневните весници: „Дневник“ и „Лајм“, на 9.12.2011 година, за избор на еден соработник во звање ***асистент*** за наставно-научната уметничка област ***музички форми со анализа*** се пријавија кандидатките:
– Ленче Насев и
– Анета Спиридоновска.

По разгледувањето на молбите и приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ленче Насев** родена 27 април 1976 г. во Штип, паралелно со општото основно образование посетува и основно музичко училиште, каде што го изучува инструментот виолина. Средно музичко образование завршува во Штип во 1994 г., на Вокално-инструменталниот оддел – виолина. Во 1998 г. дипломира на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје, на Одделот за музичка теорија и педагогија со хорско диригирање. Во 2008 година магистрира на Факултетот за музичка уметност во Скопје со трудот „За музичката форма на ‘Sinfonietta in Si’ од Томислав Зографски – аналитички белешки“ и се здобива со степен на образование VII/2-магистер по музички форми со анализа.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката м-р Ленче Насев својата наставно-образовна дејност ја започнува од 1999 г. како наставник по музичка теорија и педагогија и виолина во ОМУ „Стеван Мокрањац“ во Кочани. Во 2001 година се стекнува со диплома за учество со свои ученици по виолина на XXXIX државен натпревар на ученици и студенти по музика од *Здружение на музички и балетски педагози на Република Македонија*.

Во периодот од 2001 до 2009 г. работи во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип како наставник по музичко образование. Таа има учествувано на повеќе семинари и работилници реализирани во рамките на ПРОЕКТ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО меѓу кои: 1. „Ние народот...проект граѓанин“, 2. Современи и креативни методи и техники на учење и осовременување на наставата, 3. Образовна компензација за деца од ранливи групи, 4. Комуникациски вештини и Тимска работа, 5. *Innovative Use of ICT in Primary Schools,* како и во обуката за наставници: Примена на стандарди за оценување на учениците.

М-р Ленче Насев од 2009 година е избрана како помлад асистент на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Таа ги реализира вежбите по следниве предмети*:* Музички форми со анализа 1 и 2, Основи на музички форми со анализа 1 и 2, Атонален солфеж, Хармонија 1, 2 и 3, Полифонија 1, 2 и 3, Инструментална полифонија 1 и 2, Методика на музичка настава 1 и 2.

Од зимскиот семестар во учебната 2011/2012 г. е ангажирана да ги реализира и вежбите и на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип по предметите: Музичко воспитание и образование со методика 1 за Предучилишно воспитување и Музичко образование со методика 1 за Одделенска настава.

***Учества на конференции со свој реферат/труд:***

1. Музичко-научна манифестација *Струшка музичка есен,* 2009 г. Струга, со трудот „За музичката форма на „Sinfonietta in Si“ од Томислав Зографски – аналитички белешки“;
2. Стручен собир *Улогата на музиката во образовниот процес*, 2010 г., Штип, со трудот „Предметот музичко образование во рамките на основното образование“;
3. Музичко-научна манифестација *Струшка музичка есен,* 2010 г. Струга, со трудот „Музичката форма на ораториумот Похвала „Кирил и Методиј“ од Томислав Зографски - синтеза на музички традиции“;
4. Научен симпозиум *Јосиф Ковачев и неговото време,* 2010 г. Штип, со трудот „Поглед кон животот и дејноста на Јосиф Ковачев-истакнат македонски педагог и реформатор од Штип“;
5. Интернационалната конференција *Култура и музика,* ИРАМ, 2011, Скопје со трудот „Интеграцијата на ИКТ во музичкото образование“;
6. Меѓународна научна конференција *Традиција као инспирација,* 2011 г. Бања Лука, со трудот „*За жанрот синфониета*“;
7. Меѓународна научна конференција *School as a Factor in Development of the National and Cultural Identity and pro-European Values: Education between Traditional and Modernity,* 2011, Јагодина, со трудот„*Use of Modern Learning Media within Music Education Lessons“;*
8. Меѓународна научно-стручна конференција *Релации на физичкото образование и спортските активности во воспитно-образовните организации (предучилишни установи, основно, средно и високо образование) и во одделни општествени дејности,* 2011 г., Велес, со трудот „Музика и движење“;
9. Музичко научна - манифестација *Струшка музичка есен*, 2011, Струга, со трудот „Наставник по музичко образование - професија со отворени врати“;
10. Меѓународен научен симпозиум, *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото* 2011 г. Охрид, со трудот „Musical education and the necessity of lifelong education“;
11. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука *Современото општество и образованието,* 2011 г., со трудот „Систематска настава во музичкото образование“;
12. VI Меѓународна научна конференција *Српски језик, књижевност, уметност,*, 2011 г. Крагујевац, со трудот „Македонска црквена музичка традиција“.

***Објавени научни трудови***

1. Насев, Л. *За музичката форма на „Sinfonietta in Si“ од Томислав Зографски – аналитички белешки*. Музика, год.12, бр.15, 2009, Скопје, стр.31.
2. Насев, Л. *Музичката форма на ораториумот Похвала Кирилу и Методију од Томислав Зографски - синтеза на музички традиции,* Музика год.13 бр.16, 2010 г., Скопје, стр.3.
3. Насев, Л. *Предметот музичко образование во рамките на основното образование,* Годишен зборник (2010) Факултет за музичка уметност Штип година 1, број 1, стр.59.
4. Насев, Л. *Systematic teaching in music education,* Book of proceedings (Ohrid 29. IX-1.X 2011) , VI International Balkan Congress for Education and Sciences. Cyril and Methodius University Faculty of Pedagogy “St. Kliment Ohridski”-Skopje, Republic of Macedonia, Skopje, 2011, стр.1365.

***Учество во емисии, курсеви и работилници***

- Учество во емисијата *Дневна соба* на 12 февруари 2010 на локалната телевизија ТВ Стар, по повод одржаниот стручен собир *Улогата на музиката во образовниот процес* во организација на Факултетот за музичка уметност - Штип.
- Учество во „Напреден курс за користење на ИКТ во наставниот и истражувачкиот процес“. Организатор: Центарот за електронско учење при УГД - Штип. (март, јуни и август 2010).
- Учество и стекнат сертификат од работилницата одржана на 30. 9.2010 година на тема: „Активно учење во големи групи: невозможност или предизвик?“. Организатор: Центар за кариера при УГД - Штип во соработка со Американските совети – Скопје.
- Учество во курсевите “Integrating IT tools into teaching process”. „*Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес*“ што се одржаа под раководство на проф. Д-р Вилијам Ворик, јуни 2011.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката м-р Ленче Насев се јавува како:

Член на Рецензентска комисија при МОН за четврто одделение од деветгодишното основно образование, како и за седмо одделение од осумгодишното основно образование еквивалентна на наставната програма за VIII одделение по предметот Музичко образование, рецензирани седум учебници (4x IV одд.); (3x VII одд.), 2009 г.

- Член на ННС при Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 2009 г.
- Составен дел од Издавачкиот совет, Редакцискиот одбор и одговорните уредници на Годишен зборник (2010) Факултет за музичка уметност - Штип, година 1, број 1.
- Изготвувач на наставната програма за предметот: *Свирење хорски партитури за III година* за средно уметничко училиште, ангажирана како надворешен член од Бирото за развој на образованието 2010 г.
- Активно учество при внесувањето на податоците од сите досиеја на студентите запишани на ФМУ – Штип, во новиот софтвер за студентски прашања во периодот од 10 јуни до 9 јули 2010 година.
- Изготвувач на наставната програма за четврта година за средно уметничко (музичко балетско) образование - образовен профил музичар теоретичар *Познавање на хорска литература,* ангажирана како надворешен член од Бирото за развој на образованието, мај 2011 г.
- Член на Конкурсната комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски студии во учебните 2009/2010, 2010/2011 и 2011/2012 година на ФМУ - Штип, прием на документи во трите уписни рока.

2. Кандидатката **Анета Спиридонова** (1970) магистрира во 2000 година, со звање: магистер по хармонија со хармонска анализа, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со трудот „*Хармонските особености на творештвото за пијано на Властимир Николовски*“. Во текот на магистерските студии го изработила и трудот „*Хармонските особености на младинскиот албум на Властимир Николовски*“. Кандидатката Анета Спиридонова дипломира на Одделот за музичка теорија и педагогија при ФМУ во Скопје, во 1993 година. Во 1989 година го завршува средното музичко училиште за музичко и балетско образование „Илија Николовски-Луј“, на отсекот Музичка теорија. Во 2006 год. кандидатката е обучувач на професорите за: Иновациска употреба на ИКТ во основните училишта - Е-школи на УСАИД во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Како работно искуство во биографијата на кандидатката е наведено: континуирано предавање на ученици по разни предмети од областа на музичката теорија и хорско диригирање, наставна дејност од петто до осмо одделение во основните училишта: „Братство и единство“ - Коњари (1993-1994), „Димитар Миладинов“ - Скопје (1993-1998), „Цветан Димов“ - Скопје (1994) - како професор по музичко образование. Учествува во формирање и диригирање со школски хорови и оркестри, со кои добива повеќе награди на

хорски и оркестарски натпревари на ниво на општини и на Град Скопје (но нема доставено дипломи или сертификати за истите). Поседува дипломи за странски јазици, и тоа: англиски, германски и француски јазик, како и информатички знаења.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 38 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев' во Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог.

Кандидатката м-р Анета Спиридоновска нема доставено комплетна документација, недостасува список и материјали за објавени научни и стручни трудови и дополнително - не ги исполнува критериумите за избор наведени во Конкурсот, согласно со членот 17 (за избор на асистент) од Законот за високото образование и условите согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатката м-р Ленче Насев уредно и навремено ги достави потребните документи и ги исполнува во целост пропишаните услови од Конкурсот.

Врз основа на доставената документација, објавените научно-стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни собири, како и врз основа на стручната ангажираност, исполнителна дејност и активност, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Ленче Насев ги исполнува сите законски критериуми за избор во соработничко звање асистент за наставно-научната и уметничка област - Музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност. Таа покажува способност во: научноистражувачка (НИ), стручно-уметничка (СУ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа го задоволува потребниот квантум (25 поени- според член 17) за да биде избрана во соработничкото звање, со вкупен број од 44,5 поени.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручно - научна активност на кандидатката, искуството во наставната работа и стручно-уметничките активности, совесното и одговорно исполнување на работните обврски може да се заклучи дека се работи за сериозен наставно-научен работник.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на ФМУ во Штип **да ја избере кандидатката м-р Ленче Насев за избор на соработник во звање – асистент за научно-уметничката област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Гоце Гавриловски, доцент, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**
**М-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на м-р Ленче Насев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ и Факултетот за музичка уметност во Штип**

| **ред. број** | **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **Наставно – образовна дејност (НО) = 11.5** | | | |
| 8 | Рецензент на учебник | 7 | 1 | 7 |
| | Учество во РТВ програма | 1 | 0,5 | 0,5 |
| 26. | Вежби на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | -2009/2010-(8 x 0,2);<br>-2010/2011-(6 x 0,2);<br>-2011/2012-(6 x 0,2) | 0,2 | 4 |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ-СУ)= 16** | | | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати во зборник од трудови на научен собир | 1 | 1 | 1 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат | 8 во земјава,<br>3 во странство | 8x1,5 во земјава,<br>3x2 во странство | 14 |
| 17. | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 1 | 1 | 1 |
| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност (СА-ОР)= 17** | | | |
| 6 | Труд во стручно списание | 3 | 2 | 6 |
| 8. | Учество на стручен собир со реферат | 1 | 1 | 1 |
| 27. | Член на рецензентска комисија при МОН | 1 | 2 | 2 |
| 28. | Член на Наставно – научен совет | 1 | 2 | 2 |
| 29. | Член на конкурсната комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски студии 2009/2010,2010/2011,2011/2012 | 1 | 2 | 2 |
| 3 | Член на Биро за развој на образованието за изготвување на наставни програми | 2 | 2 | 4 |
| | | **Вкупно** | | 44.5 |